SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ/КА ЗА АНАЛИЗА И МАПИРАЊЕ НА ПОТРЕБИ ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

## ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

## „ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА МЛАДИ"

Јули 2023

Norway
CPCD Centar za promociju civilnog društva
IDM Institute for Democracy and Mediation
CRPM Center for Research and Policy Making

**Коалицијата на младински организации СЕГА за потребите од спроведување на проектот „Граѓанското општество во унапредување на регулативата за млади“, поддржан од регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, објавува јавен повик за ангажирање на експерт/ка за Анализа и мапирање на потреби за интервенција на Законот за младинско учество и младински политики**

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Проектот „**Граѓанското општество во унапредување на регулативата за млади**“ има за **цел** граѓанскиот сектор активно да се застапува за унапредување на постојната законска регулатива за младинско учество, со што ќе се придонесе кон зајакнување на улогата на граѓанското општество за суштинско и транспарентно учество во процесите на донесување на одлуки и креирање политики.

Акцијата ќе започне со анализа на Законот за младинско учество и младински политики и ќе се мапираат потребите за интервенција за ефикасна примена на Законот. Во следната фаза ќе се пристапи кон национална кампања за јавно застапување на потребата од унапредување на Законот за младинско учество и младински политики, за во последната фаза да заврши со развивање на Предлог Закон за измени и дополнување на ЗМУМП[1] кој ќе биде доставен до Собранието, Владата и Агенцијата за млади и спорт.

**Резултати на проектот**: [1] Идентификувани потреби за интервенции за ефикасна примена на Законот за младинско учество и младински политики; [2] Зајакната свеста кај донесувачите на одлуки и јавноста за потребата од унапредување на примената на Законот за младинско учество и младински политики; [3] Развиен предлог Закон за измени и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики преку широк консултативен процес.

**Целни групи**: [а] Млади на возраст од 15 – 29 години: средношколци, студенти, невработени млади, членови на локални младински совети; [б] Форми на младинско организирање: младински организации, организации за млади и младински чадор организации; [в] Службеници за млади; [г] Пратеници во Собрание на РСМ - со фокус на пратениците кои се дел од Клубот за младински прашања и политики.

Проектот го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА во период од 16 месеци (09.06.2023 - 08.10.2024 година) со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институт за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

---

[1] Закон за младинско учество и младински политики, Службен В. на Р.С.М. бр: 10/2020 од 16.01.2020 година

## 2. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Со ангажирање на Експерт/ка, Проектот ќе спроведе анализа на Законот за младинско учество и младински политики и ќе ги мапира потребите за интервенција за ефикасна примена на Законот.

Во процесот на прибирање на податоци ќе се опфатат млади на возраст од 15 - 29 години, граѓански организации, службеници за млади и донесувачи на одлуки.

За поддршка на теренското прибирање на податоци, проектот ќе се селектира и ангажира 8 регионални истражувачи кои ќе бидат одговорни за промоција на онлајн анкета, да спроведат регионални фокус групи и интервјуа со донесувачи на одлуки. Проектниот тим ќе биде задолжен за доставување на барања за информации од јавен карактер до ЕЛС.

Ангажираниот експерт/ка ќе ја има главната улога во координација на процесот на прибирање и анализа на податоци.

## 3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Ангажираниот експерт/ка ќе биде одговорен/на за следните задачи:

[1] Развивање на методологија:

- Развивање на прашалник за млади на возраст од 15-29 години (случаен примерок - онлајн анкета[2])
- Развивање на прашалник за интервјуа со службеници на млади и локални донесувачи на одлуки
- Развивање на водич за спроведување на регионални фокус групи (во 8 плански региони)
- Подготовка на формат за известување од фокус групите и интервјуата, и испорака на онлајн обука за регионални прибирачи на податоци
- Развивање на насоки за прибирање на информации од јавен карактер до ЕЛС и националните институции
- Утврдување на листа на документација за реализација на деск анализа

** Анкетата со млади ќе се спроведе онлајн со примена на алатката SurveyMonkey. Ангажираниот експерт/ка ќе биде задолжен за обработка и интерпретација на резултатите од SurveyMonkey.*

*** Проектниот тим ќе биде одговорен за доставување на барања за информации од јавен карактер до сите општини и Градот Скопје, како и до ресорните министерства и Агенции по дадени насоки од ангажираниот експерт/ка.*

[2] Предвидено е на онлајн анкетниот прашалник да одговорат најмалку 600 млади на возраст од 15-29 години

[2] Анализа на документација, анализа и обработка на податоци:

Ангажираниот експерт/ка ќе спроведе детална анализа на ЗМУМП и останатите подзаконски акти кои произлегуваат од ЗМУМП во насока на утврдување на слабостите и недостатоците на Законот. Во текот на последниот месец, ангажираниот експерт/ка ќе ги обработи добиените податоци од:

- Анкетниот прашалник со млади
- Извештаите за спроведени фокус групи
- Извештаите за спроведени интервјуа
- Добиените одговори на барањата за информации од јавен карактер
- Деск анализата

[3] Подготовка на Аналитички извештај Анализа на ЗМУМП

Врз основа на добиените наоди ангажираниот експерт/ка ќе изготви аналитички извештај Анализа на ЗМУМП во кој ќе бидат содржани препораки за потребни интервенции во ЗМУМП со цел овозможување на суштинско младинско учество во донесувањето одлуки.

## 4. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТИ

- Завршени додипломски студии во полето на општествени науки или сродни области на предложениот експерт/ка (завршени постдипломски и/или докторски студии ќе се смета за предност)
- Најмалку 5 години искуство во спроведување на теренски истражувања и анализи
- Напредни истражувачки и аналитички способности
- Познавање и примена на програми за обработка на податоци (SPSS)
- Водечка улога како експерт/ка во најмалку 2 истражувања (вклучувајќи период, локација, детали за контакт за референци, позиција на експертот/ката и опис на ангажманот)
- Искуство во анализа на законска регулатива ќе се смета за предност

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Експертот/ката кој ќе биде ангажиран за Анализа и мапирање на потреби за интервенција на Законот за младинско учество и младински политики ќе треба да ги спроведе работните задачи во рамки на **14 работни дена** во периодот август - октомври 2023 година со следната динамика:

| **Опис на задача** | **Број на денови** | **Период на испорака** |
|---|---|---|
| 1. Развивање на методологија (подготовка на инструменти и насоки за прибирање на податоци) | 3 | Август 2023 |
| 2. Обука за регионални прибирачи на податоци и проектен тим | 1 | Август 2023 (втора половина) |
| 3. Анализа на документација (деск истражување), анализа и обработка на податоци | 5 | Септември - октомври 2023 |
| 4. Подготовка на Аналитички извештај Анализа на ЗМУМП | 5 | Октомври 2023 |

За секој работен ден предвиден е надоместок од **150 евра во бруто износ** кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност по завршување на задачите (по завршен и одобрен продукт, доставена временска табела и Изјава за извршена работа) во согласност со предвидените работни денови.

## 6. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е **јавен**.

Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик на:

aplikacija@sega.org.mk

со **назнака**: ,,**Пријава на јавен повик за Анализа на Закон за младинско учество и младински политики**"

**Со доставување на следнава документација**:

1. Професионална биографија (CV)
2. Писмо на интерес
3. Доказ за водечка улога како експерт/ка во најмалку 2 истражувања вклучувајќи:
    a. Период
    b. Локација
    c. Детали за контакт за референци
    d. Позиција на експертот/ката
    e. Опис на ангажманот
    f. Линк до истражувачкиот продукт или истражувачки продукт додадете го во прилог на документацијата

**Краен рок за доставување на апликациите е 31 јули 2023 година, најдоцна до 16:00 часот.**

Пристигнатите апликации ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија основана од Коалиција СЕГА.

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на пријавување на кандидатите.

За прашања поврзани со повикот може да нè контактирате на е-маил адреса: aplikacija@sega.org.mk, најдоцна до 25.07.2023 година.